**20120822182**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 161 став (1) алинеја 4 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/09, 35/10, 36/11 и 158/11), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТ ЗА ПОЛИЦАЕЦ

Член 1

Во Правилникот за постапката и начинот на работа на комисијата за избор на кандидат за полицаец („Службен весник на Република Македонија“ бр. 128/09), во член 4 во ставот (2) зборовите „Секторот за управување со човечки ресурси“ се заменуваат со зборовите „организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси“.

Член 2

Во член 5 став (1) во алинејата 2 бројот „5“ се заменува со бројот „4“.

Член 3

Во член 8 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„Комисијата може, по потреба, да го менува редоследот на фазите од ставот (1) на овој член“.

Член 4

Во член 15 во ставот (1) по зборовите „(во натамошниот текст: Центар за обука)“ се додаваат зборовите „или во соодветен објект определен од Комисијата“, а бројот „5“ се заменува со бројот „4“.

Член 5

Во членот 16 зборовите „во Центарот за обука“ се бришат.

Член 6

Во член 18 во ставот (3) зборовите „членот 9 став (2)“ се заменуваат со зборовите „членот 11“.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 121-39803/1
26 јуни 2012 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.